**Република Северна Македонија**
**Основен суд Охрид**
**Су- 03 бр. 116/23-3**
**13. 12. 2023 год.**
**О х р и д**

Врз основа на чл.42, 43 и 49 од Законот за судовите (Сл.Весник на РМ бр.58/06, 62/06, 35/08, 150/10, 84/18 и 198/18 и Сл. Весник на РСМ бр.96/19)

**ОСНОВНИОТ СУД ВО ОХРИД**
**објавува:**

**ЈАВЕН ОГЛАС бр.3/23**
**За избор на 40 судии – поротници**

**(1)** Основниот суд во Охрид на Судскиот Совет на РСМ ќе му предложи 40 кандидати за избор за судии – поротници за време од 4 години.
Заинтересираните кандидати за избор за судија – поротник потребно е да ги исполнуваат условите предвидени во чл.42 ст.2 од Законот за судовите (Сл. Весник на РМ бр. 58/06, 62/06, 35/08, 150/10, 84/18 и 198/18 и Сл. Весник на РСМ бр.96/19), и тоа:

**(2) „За судија - поротник може да биде избран полнолетен државјанин на Република Северна Македонија со :**
- **завршено најмалку средно образование,**
- **кој активно го владее македонскиот јазик,**
- **ужива углед за вршење на оваа функција и**
- **кој не е постар од 60 години.“**

**(3) „Судијата поротник за судење на малолетници се избира од редот на лица со искуство во воспитанието и образованието на млади.“**

За судија – поротник **НЕ** може да биде избрано лице кое:
- со судијата или судијата – поротник во ИСТИОТ суд е во сродство во - права линија или во странична линија до трет степен или е негов брачен другар,
- ниту лице кое со член на Судскиот Совет на РСМ е во сродство во права линија или во странична линија до трети степен или е негов брачен другар.

Заинтересираните кандидати потребно е кон пријавата ( која можат да ја подигнат на приемната писарница или да ја симнат од Web страната на судот) да приложат, во оригинал или копии во заверен препис на нотар:

- Уверение за државјанство на Република Северна Македонија;
- Уверение за завршено образование;
- Потврда од казнена евиденција;
- Изјава (заверена на нотар) дека кандидатот со судија или судија – поротник во Основниот суд во Охрид и со член на Судскиот Совет на Република Северна Македонија не е во сродство во права линија или во странична линија до трет степен или е негов брачен другар.

Кандидатите, документите да ги достават до Основен суд Охрид, ул. Македонски Просветители бр.8, Охрид, **во рок од 15 дена од денот на објавувањето на огласот.**

Основен суд Охрид